# МВР и ЗНМ со Протокол за безбедност на новинарите на интернет

22.03.23 12:16

Like Share Tweet

Министерот за внатрешни работи Оливер Спасовски денеска оствари работна средба со работната група на Здружението на новинарите на Македонија, предводена од претседателот на ЗНМ Младен Чадиковски, на која беше промовиран изработениот Протокол за безбедност на новинарите на интернет, со фокус на новинарките.



Како резултат на изработката на овој Протокол, меѓу другото, во МВР е назначено лице-контакт точка за интернет заканите кон новинарите и, воопшто, медиумските работници. Протоколот нуди практични чекори како новинарите да постапат кога ќе бидат предмет на закана преку социјалните мрежи и, воопшто на интернет, преку проактивна вклученост на МВР во заштита на медиумските работници. Ова е една од низата активности кои заеднички ги спроведуваат МВР и ЗНМ за подобрување на безбедноста на новинарите, од 2017 година, кога беше потпишан Меморандум за соработка.

На средбата се дискутираше и за други аспекти за безбедност на новинарите и медиумските работници при вршење на дејноста, заканите кои се присутни во интернет просторот, потребата од слободно и непречено известување од настани на терен, ефикасноста при заштитата на новинарите со целосна имплементација на правните инструменти кои ги имаат институциите и беше потенцирана одличната соработка меѓу МВР и ЗНМ.

> **Јасна е нашата посветеност како министерство на новинарите да им се обезбедат сите услови за тие непречено да си ја вршат работата и тоа го покажавме од 2017 до сега. За тоа не смее да има дилема, затоа што слободата на медиумите е еден од базичните столбови на кој се потпира демократијата. И овој Протокол, во чие што изработување учествуваа претставници од МВР, ЗНМ и експерти од академската заедница, нуди решенија коишто ќе придонесат секој новинар, особено новинарките, да се чувствуваат безбедно, но и да знаат како да постапат во случаи на закани преку интернет. За нас слободата на новинарите е приоритет и во таа насока продолжуваме и со наредни активности во соработка со ЗНМ. Во претходниот период реализиравме бројни обуки, заеднички со ЗНМ и Мисијата на ОБСЕ во Скопје, го изработивме Прирачникот за безбедност на новинарите за време на настани со висок ризик, а денеска можеме да констатираме и дека е изработен и Протоколот за безбедност на новинарите на интернет, потенцираше министерот Спасовски.**

Претседателот на ЗНМ Младен Чадиковски рече дека овој Протокол е чекор плус во градењето безбедна атмосфера за работа на новинарите.

> **Сметаме дека ова е позитивен исчекор во рамките на зголемување на безбедноста на колегите новинари и новинарки. Денес, не само што се соочуваме со загрозување на нашата безбедност, туку се соочуваме и со опасноста од онлајн закани, каде што, за жал, поголеми жртви се новинарките. На овој начин, очекуваме нападите и опасноста од нив да се намали, а неказнивоста на сторителот да исчезне. Се надеваме дека препораките кои се наоѓаат во овој протокол ќе го најдат своето место во градењето на безбедна атмосфера за работа на новинарите, рече Чадиковски.**

Во процесот на подготовка на овој Протокол беа направени широки анализи, искористена актуелната правна литература на темата, како и бројни институционални практики, со цел да се најде најдобриот пристап за поголема заштита и безбедност на новинарките и новинарите на интернет. На овој начин ќе се намали можноста за самоцензура поради постоечки страв од напад, а ќе се зголеми слободата на изразување и професионалните новинарски стандарди.

Членови на работната група составена за подготовка на овој протокол од ЗНМ беа Младен Чадиковски и Драган Секуловски, Никола Дујовски, професор на Факултетот за безбедност Скопје при УКЛО Битола, Јасна Бачовска Недиќ, професор на Правниот факултет „Јустинијан први“ Скопје, Тони Ангеловски, помошник на министерот за односи со јавност и стратешко планирање при МВР, а од новинарките, членови на работната група беа Сашка Цветковска, Еви Шкопи и Кристина Атовска.

OhridNews

Like Share Tweet

© Ohridnews.com. All rights reserved.
The content of this article, should not be printed, copied or published in any way, without permission by Ohridnews.com

## ПОВРЗАНИ ВЕСТИ

11.04.23 13:09

**ДЗСИ врши вонреден инспекциски надзор во Клиничка болница-Битола, директорот...**

11.04.23 14:22

**Зелено светло дадоа советниците за поставување урбана опрема**

11.04.23 12:50

**Инцидент во Белгород: Падна дрон на руски аеродром во...**

Supported by European Endowment for Democracy

## АНКЕТА

Дали правиме доволно за заштита на уникатното природно и културно наследство на Охридскиот регион?

- Да
- Не

Гласај

## ВРЕМЕ

Охрид

14°

## МЕДИУМОТ Е ДЕЛ ОД ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ЗДРУЖЕНИЈА:

PROMEDIA.MK

УСЛОВИ НА КОРИСТЕЊЕ КОЛАЧИЊА

ıдовод: **046 250 122** Комуналец: **046 263 325** НУ Центар за култура: **046 261 063** Завод ı

Copyright Ohridnews 2006-2023. All rights reserved.